| UFSCar |
| --- |
| N.º: 089/2022 |
| Processo: 23112.010371/2022-51 |

# ДОГОВОР

## ЗА НАУЧНО - ОБРАЗОВНА СОРАБОТКА

**меѓу**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**и**

**ФЕДЕРАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО САО КАРЛОС
БРАЗИЛ**

Раководени од желбата за развивање и продлабочување на пријателските врски меѓу народите на двете земји, како и следејќи ја желбата и заедничкиот интерес за продолжување на меѓууниверзитетската соработка, двата универзитета изразуваат согласност за реализирање на размена во областа на образованието, науката и културата.

**Член 1**

Соработката меѓу двата универзитета ќе се одвива во рамките на областите застапени на двата универзитета.

**Член 2**

За успешна реализација на Договорот, двата универзитета се согласуваат соработката да се реализира преку следниве форми на размена, во зависност од расположливите финансиски средства и со согласност на релевантните институции во соработката:

- изработка на заеднички научно-истражувачки проекти;
- размена на наставен кадар;
- размена на студенти;
- организирање заеднички научно-истражувачки конференции и работилници;
- размена на публикации, универзитетски изданија и книги, како и соработка во областа на комуникациските мрежи.

**Член 3**

Универзитетот–домаќин обезбедува соодветни услови за студирање и научно-истражувачка работа за учесниците во размената. Патните трошоци и трошоците за престој ги покрива универзитетот/ факултетот што ги предлага учесниците во размената, согласно можностите. Во спротивно, овие средства ќе бидат покриени од учесниците во размената.

**Член 4**

Двата универзитета заеднички ќе аплицираат до соодветните институции и организации на ЕУ со цел обезбедување средства и грантови во областите во кои е воспоставена соработка.

**Член 5**

Факултетите можат да воспоставуваат билатерална соработка така што реализацијата ќе се остварува непосредно на факултетите, според сопствени работни програми

договорени меѓу соодветните факултети на двата универзитета, со претходно обезбедени средства.

**Член 6**

Секој член од овој Договор може да биде изменет или отповикан по консултации и претходна заемна согласност од страна на двата универзитета во форма на писмено известување или анекс потпишан од овластен претставник на двете страни.

**Член 7**

Договорот се склучува за период од 4 (четири) години, започнувајќи од датумот кога е потпишан од двете страни со можност за продолжување, освен ако не се побара раскинување од страна на едниот или другиот универзитет во форма на писмено известување шест месеци пред истекувањето на Договорот, заедно со повратна потврда.

**Член 8**

Прашања и спорови кои произлегуваат од толкувањето или спроведувањето на овој Договор, ќе бидат пријателски решени од двете страни. Во случај да не се изнајде спогодбено решение, заеднички ќе назначат трета страна, физичко лице, да дејствува како посредник.

**Член 9**

Договорот се потпишува на англиски, македонски и португалски јазик, по еден_примерок за секој универзитет.

Го потпишуваме овој Договор мотивирани од духот и принципите на академската размена и заемното разбирање и почитување.

**УНИВЕРЗИТЕТ**
**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ -СКОПЈЕ**

Nikola Jankulovski Digitally signed by Nikola Jankulovski
Date: 2022.07.19 12:19:26 +02'00'

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски**
19/7/2022

**ФЕДЕРАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ**
**ВО САО КАРЛОС**

ASSINADO DIGITALMENTE
ANA BEATRIZ DE OLIVEIRA
A conformidade com a assinatura pode ser verificada em:
http://serpro.gov.br/assinador-digital
SERPRO

**Ректор**
**Проф. д-р Ана Беатриз де Оливеира**
14/7/2022